Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 08 - 37/2
08.01 2020 год./viti
Скопје / Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

**Предмет: Пријава за Интернационалниот Саем за туризам**

PLACE2GO (13. - 15. Март 2020), Загреб Хрватска
www.place2go.org

Меѓународниот саем за туризам во Загреб "Place2Go" секоја година го зголемува бројот на излагачи, за 2020г најавени се повеќе од 200 учесници од 30 земји и околу 16000 посетители. Осум години PLACE2GO, тоа значи дека публиката го препознала и дека изложувачите од првите 7 години биле задоволни. Она што е значајно за овој „ симпатичен" саем е тоа што расте, не само по квантитет, туку и по квалитет. Ова може да се види првенствено во фактот дека го препознаа земјите кои сè уште го немаат претставено својот туристички потенцијал на хрватскиот пазар, а за прв пат го избраа PLACE2GO.

PLACE2GO во неколку точки

- Најголемиот саем за туризам во Хрватска
- Прв пат се одржа во 2012 година
- Место за средба на понудата и побарувачката на туристичките дестинации
- Опфаќа и сегменти B2B и B2C
- Досега учествувале над 500 излагачи од 34 земји
- Саемот трае 3 дена, на 13 - 15 март 2020 година (петок до недела)
- Бизнис средбите се покажаа доста успешни изминатите години. Петок (13ти март 2020) е B2B ден - влез само за акредитирани деловни посетители
- B2B 10am - 4pm
- Сабота и недела се B2C - влезот е бесплатен за сите
- Работно време на саемот од 10 до 19 часот

Во организација на Агенција за промоција и поддршка на туризмот и нашите пријатели од меѓународниот саем за туризам "Place2Go", Република Северна Македонија беше прва земја партнер на минатогодишната самска манифестација. Интересот на приватниот сектор за зголемување на бизнис релациите со хрватскиот туристички пазар значително е зголемен и бројот на коезгибитори на оваа саемски манифестација беше во рекорден број.


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Имајќи го во предвид значаењето на хрватскиот турстички пазар, Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, ќе учествува на овој саем, па согласно тоа, Ве молиме доколку имате интерес за учество на горенаведениот саем, да пополните пријава со потребните документи за закуп на пулт на Интернационалниот Саем за туризам PLACE2GO (13. - 15. Март 2020), Загреб Хрватска.

Според Интерниот правилник на АППТ за начинот и постапката за учество на интернационални саемски манифестации за туризам, право за учество имаат:

- Хотели
- Туристички агенции со лиценца А
- Ресторани
- Општини
- Национални паркови
- Здруженија, асоцијации и комори за туризам
- Винарии
- Компании/институции на покана на АППТ

- **Котизација за саемот изнесува 15.000 денари.**

**Напомена 1**: Учеството на саемските манифестации треба да го потврдите во писмена форма со:

- пополнување на Формуларот кој ви е доставен во прилог на истиот е маил.

-доставување на лиценца А ( за тур. Агенции)

-Тековна состојба од централен регистар на РСМ

Бројот на пултовите е ограничен, затоа ќе се оди по принципот кој прв се пријавил!

Со почит,

ДИРЕКТОР

Љупчо Јаневски

**Подготвил: Сара Трајковска Костовска**


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија

Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk